**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# Извештај

## од посета на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение „Ранка Милановиќ“ - Скопје

**Скопје, септември 2019 година**

## Вовед

Секое општество треба да се стреми кон грижа и заштита на правата на децата, како најранлива и најчувствителна група, подготвувајќи го детето за самостоен живот, воспитувајќи го во духот на мирот, достоинството, толеранцијата, слободата, рамноправноста и солидарноста. Секое дете, со цел правилен развој на неговата личност, потребно е да расте во семејна средина, во атмосфера на среќа, љубов и разбирање, да има кој да му помогне, да го насочи на правиот пат. Меѓутоа, праксата покажува дека има деца со воспитно-социјални проблеми, деца без родителска грижа, како и деца со нарушено поведение, кои оставени од своите најблиски, во отсуство на љубов, поддршка и грижа потешко се вклопуваат во општеството, често не ги почитуваат општествените правила, поради што како деца во ризик им е потребно обезбедување на соодветна помош и посебна грижа за нивна ресоцијализација.

Народниот правобранител, согласно Законот за народниот правобранител (Сл.весник на РМ бр.60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18), врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост, преку посебно одделение, кое во досегашното работење, штитејќи ги правата на децата, вклучително и правата на децата сместени во установи/институции, континуирано врши посети на овие места, при што ја согледува состојбата во истите, како и обезбедувањето остварување и почитување на правата на децата сместени во овие установи/институции, и со свои препораки ги насочува органите како да превенираат и ги штитат децата од какви било повреди на нивните права.

Во овој контекст, во април 2015 година Народниот правобранител организираше работилница посветена на децата и младите со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение сместени во установи, на која ги презентираше согледувањата од посетата на ЈУ за сместување на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и ЈУ за сместување и згрижување на деца и младинци со нарушено поведение „Ранка Милановиќ“ - Скопје. Притоа, беше отворена дебата за тоа што правиме со децата/младите кои се упатуваат во овие установи, односно дали упатувањето кое има за цел подобрување на однесувањето/поведението кај децата, во состојба кога не се обезбедени сите услови ја постигнуваат целта за нивна успешна ресоцијализација, особено потенцирајќи на бројни случаи на бегства на децата од јавните установи и неможност да се работи со нив и да се влијае на подобрување на нивното однесување. Меѓу другото, Народниот правобранител го отвори и прашањето за потребата од нови форми на згрижување на децата.

Во 2018 година, имајќи го предвид случувањето во ЈУ „Ранка Милановиќ“ – Скопје, кога штитетничка на установата беше сексуално злоупотребена, а други две девојчиња забремениле, при што едното ја прекинало бременоста, како и фактот дека Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјална

заштита 2008-2018 година не ги оствари сите зададени цели, односно не се постигна целосна деинституционализација, поради што беше донесена нова Националната стратегија за деинституционализација за период од 2018-2027 година, Народниот правобранител во јули 2019 година изврши посета на ЈУ Завод за згрижување, воспитание и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" - Скопје. Оваа активност ја спроведе Одделението за заштита на правата на децата и лицата со попреченост, предводено од заменичката-на народниот правобранител која раководи со ова посебно одделение.

## 1. ПРАВНА РАМКА

Согласно Конвенцијата за правата на детето, дете е секое човечко суштество кое не наполнило 18 години од животот, доколку, врз основа на закон кој се однесува на детето, полнолетството се стекнува порано.[1]

Законот за правда на децата[2], содржи одредби кои се однесуваат на значење на изразите дете, дете во ризик и сл., како и видовите на мерки и казни, кои можат да се изречат на деца.

Според член 19 од овој закон, ***дете во ризик*** е секое дете кое наполнило 7, а не наполнило 18 години, со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/от, односно старателите/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

На дете од 14 до 16 годишна возраст, за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, можат да му се изречат само воспитни мерки, додека на дете од 16 до 18 годишна возраст, за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.

Целта на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање заштита или помош на децата со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој.

[1] член 1 од Конвенцијата за правата на детето
[2] Закон за правда на децата Службен весник на РСМ бр.148/13,152/19

Воспитни мерки кои може да му се изречат на дете над 14 годишна возраст, за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело , согласно Законот за правда на децата се : Укор или упатување во центар за деца; засилен надзор од страна на родител/старател, згрижувачко семејство или од страна на Центарот и заводски мерки упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом.

Притоа, согласно член 27 став 4 од Законот, заводските мерки се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, при што траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години.

Законот за социјална заштита предвидува вон-семејна заштита, која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита и други услуги во зависност од видот на корисниците кои немаат услови за живеење во своето семејство, или од други причини им е потребна вон-семејна заштита. Притоа, услуги на вон-семејна заштита се: живеење со поддршка, згрижување во друго семејство и сместување во Установа.[3]

Со сместување во установа на детето му се обезбедува основна заштита која опфаќа 24 часовна помош и поддршка, а меѓу другото, му се обезбедува пристап до образование, стекнување на животни вештини, социјални,културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на корисникот на услугата.

Согласно член 96 од Законот за социјалната заштита, услугата за сместување на деца во судир со законот на возраст од 14 до 18 години со изречена мерка упатување во воспитна установа покрај основната заштита опфаќа и ресоцијализација, реинтеграција, воспитание, пристап до образование и образовна поддршка, како и организирано минување на слободното време и други услуги на ресоцијализација.

Во Република Северна Македонија, децата со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение се сместувани во ЈУ за деца со воспитно социјални проблеми Скопје и во ЈУ Завод за згрижување, воспитание и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ Скопје.

## 2. УВИД ВО ЈУ ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО-СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ И НАРУШЕНО ПОВЕДЕНИЕ

### *2.1. За Установата*

Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје, согласно Законот за социјална заштита, и Статутот на

[3] Чл.86 од Законот за социјална заштита Сл.весник на РСМ бр.104/19

установата[4] и Одлука за проширување на дејноста на Установата со бр. 42-9181/1 од 11.11.2014 година[5], е дефинирана како установа која врши услуга сместување на деца во судир со Законот, на возраст од 14 до 18 години, со изречена мерка упатување во воспитна установа, како и краткотрајно сместување на деца од улица, за период од најмногу 7 (седум) дена, во рамки на Служба формирана во установата за конкретната намена.

Установата, во согласност со Законот за правда на децата врши прифаќање и краткотрајно сместување на малолетници упатени на извршување на мерка "*Упатување во центар за малолетници*" изречена од надлежен суд и спроведува соодветни краткотрајни мерки со кои се врши влијание врз личноста и поведението на малолетникот.

Согласно Статутот на установата, организациската структура на работата е поделена по следните служби: Оддел за административни и помошно технички работи, Служба за заедничко живеење на деца со воспитно социјални проблеми, Служба – Прифатен центар за деца од улица, Служба за заедничко живеење на деца со нарушено поведение и Служба за вршење на наставно образовна дејност за деца со нарушено поведение.

При посетата на ЈУ се мониторираа материјалните услови, третманот и постапувањето со децата и младинците – корисници сместени во оваа јавна установа, а во разговор со корисниците, со службените лица, како и преку увид во евиденцијата и документацијата што се води за децата-корисници, се доби целосна информација за семејната, образовната, психо-социјалната, здравствената состојба на корисниците, како и за ефикасноста на мерките кои се преземаат од стручниот тим за подобрување на односот и нивното поведението. Притоа се нотирани следниве општи состојби:

Установата е со седиште во општина Гази Баба, лоцирана на ул „Перо Наков“ бр.2 во Скопје, а е препознаена како "Ранка Милановиќ". До денот на посетата, се уште не е завршен процесот на деинституционализација, односно корисниците и кадарот се сместени и работат во горенаведениот објект.

***Во разговор со Директорот на установата, членови на стручната служба, како и со неколку корисници, се констатира слаба и недоволна информираност за процесот на деинституционализација, не се подготвени индивидуални планови за преселба на корисниците, постоечкиот кадар нема обука за давање на поддршка во мал групен дом, а и заедницата во која ќе се формираат малите групни домови не е доволно информирана за корисниците кои ќе бидат жители на тие заедници.***

[4] Статут на ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение-Скопје бр.01-1052/1 од 06.05.2015 година.

[5] Одлука за проширување на дејноста на Установата со бр. 42-9181/1 донесена од Владата на Република Македонија, Сл.весник на Република Македонија бр.169/2014

## 2.2. Кадар

Согласно податоците добиени од стручната служба, се утврди дека во Установата вработени се вкупно 25 лица, од кои 4 воспитувачи, 1 работен терапевт, 10 наставници. При посетата добиени се информации дека установата има ангажирано еден консултант за деинституционализација.

***Табела 1. Вработен кадар во установата според вид на образование и работно место во установата***

| Ред.бр. | Вид на образование | Бр.на вработени /ангажирани | Раб.место | Бр.на враб.според раб.место |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Дипломиран педагог-Филозофски факултет-VIA | 1 | Воспитувач | 1 |
| **2.** | Дипломиран психолог - Филозофски факултет- VIA | 1 | Воспитувач | 1 |
| **3.** | Дипл. социјален работник-Филозофски факултет- VIA | 2 | Воспитувач | 2 |
| **4.** | Дипломиран професор по физичка култура | 2 | Воспитувач | 2 |
| **5.** | Дипл. машински инженер Вработен со више образование | 1 | Работен терапевт | 1 |
| **6.** | Дипломиран економист-Економски факултет-VI В (180ЕКТС) – вработен со средно образование | 1 | Домаќин економ | 1 |
| **7.** | Средно трговско-Аранжериски техничар- IVстепен | 1 | Админист. техничар | 1 |
| **8.** | Електротехничар - Средно електротехничко – IV степен | 1 | Електричар | 1 |
| **9.** | Средно-туристичко угостителски смер – III степен | 3 | Готвач | 3 |
| **10.** | Непотполно средно училиште – II степен - бетонирец | 1 | Ноќен чувар | 1 |
| **11.** | Средно металуршко – IV степен | 1 | Хигеничар | 1 |
| | **Образование (кадар во ОУ при јавната установа)** | | | |
| **12.** | Дипломиран педагог – Филозофски факултет | 1 | Одделенски наставник | 1 |
| **13.** | Педагошки факултет- отсек информатика и техничко обр. | 1 | Наставник информат. | 1 |
| **14.** | Дипл.проф.по македонски јазик Филолошки факултет | 1 | Наставник македонски јазик | 1 |
| **15.** | Диплом проф.по англиски јазик Филолошки факултет | 1 | Наставник англиски | 1 |
| **16.** | Дипломиран историчар-архивист – Филозофски факултет VI A | 1 | Наставник историја | 1 |
| **17.** | Дипл.професор по географија – ПМФ | 1 | Наставник географија | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **18.** | Дипломиран проф.по физичка култура | 1 | Наставник по физичко | 1 |
| **19.** | Диплом проф.по хемија - ПМФ | 1 | Наставник хемија | 1 |
| **20.** | Диплом.проф.по биологија - ПМФ | 1 | Наставник биологија | 1 |
| **21.** | Дипломиран професор по ликовна уметност | 1 | Наставник лик. образ. | 1 |
| | **ВКУПНО** | 25 | ----------------- | 25 |

## 2.3. Корисници/штитеници

На денот на посетата евидентирани се вкупно 11 деца, од кои 3 се наоѓаат во бегство. 2 деца се на возраст од 11-13 години, 3 на возраст од 14-16 години, 4 се на возраст од 17-18 години и 2 лица на возраст над 18 години.

***Табела 2. Податоци за корисниците според возраст***

| Реден број | Возраст | Вкупно |
|---|---|---|
| **1.** | 7 - 10 год. | / |
| **2.** | 11 - 13 год. | 2 |
| **3.** | 14 - 16 год. | 3 |
| **4.** | 17 -18 год. | 4 |
| **5.** | над 18 год. | 2 |
| | **ВКУПНО** | 11 |

Во однос на полот 10 деца се од машки пол и 1 од женски пол.

***Табела 3. Податоци за корисниците според пол***

| Реден број | Пол | Вкупно |
|---|---|---|
| **1.** | машки | 10 |
| **2.** | женски | 1 |
| | **ВКУПНО:** | 11 |

Од увид во досиејата на децата и во разговор со истите добиени се сознанија дека најголем дел од сместените деца (7) се припадници на ромската заедница, а 4 се од македонска националност.

Во учебната 2018/2019 година 1 дете го завршило средното образование, а сите други корисници следат настава во основно образование. ***Наставата се реализира преку индивидуализиран пристап за сите деца, но забелешка е што истата не***

***се планира согласно индивидуални образовни планови-ИОП за оние деца кои имаат попреченост (согласно наод и мислење добиен од релевантна институција).*** Генерално, наставата за корисниците од основно образование се реализира во просторија во самата установа, наменета за таа цел, во комбинирана паралелка.

***Табела 4. Податоци за корисниците според етничка припадност и образование***

| Националност и образование | од 10-12 год. | од 13-15 год. | од 16-18 год. | над 18 год. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонец** | | 1 | 2 | 1 | 4 |
| **Ром** | | 2 | 4 | 1 | 7 |
| **Основно образование** | | 3 | 6 | 1 | 10 |
| **Средно образование** | | | | | / |
| **Не се вклучени во образовен процес** | | | | | / |
| **Завршено средно образование** | | | | 1 | 1 |

### *2.4. Семеен статус*

Генерална констатација која произлегува од увидот во индивидуалните досиеја на корисниците е дека ***голем дел потекнуваат од семејства со низок социо-економски и едукативно-културен статус***. Имено, податоците укажуваат дека сите корисници се од многудетни семејства и во поголем број случаи корисниците се одгледувани од страна на самохрани родители/старатели. Скоро кај секој од корисниците, во кругот на потесното семејство има нотирано член кој е корисник на алкохол или дрога, или пак член кој е на издржување казна затвор, а кај дел во кругот на семејството било застапено семејно насилство.

### *2.5. Лични односи и контакти*

Во разговор со стручната служба, како и со децата -корисници, добиени се информации дека не им е ограничено правото на лични односи и контакти со членовите на семејството, доколку изразат желба. Констатирано е дека во Установата нема телефон/телефонска говорница која штитениците би можеле да ја користат за комуникација со потесното семејство и со нивните роднини, туку контактите ги одржуваат преку личните телефони на вработените во установата. Добиен е податок дека ***децата-корисници често не изразуваат желба за контакт со нивните најблиски, односно дека овие контакти со нив се слаби и спорадични.***

### 2.6. Статус на упатување

***Сите евидентирани сместени деца се со статус на упатување поради нарушено поведение.*** Притоа, 7 деца се упатени во Јавната установа со акт од Основен суд (за 5 деца има упатен акт од Основен суд Кочани, 1 дете е со акт од Основен суд Струмица и 1 од Основен суд Битола), а 4 се со акт на Центарот за социјална работа (ЦСРПрилеп, Битола, Кавадарци и Скопје).

Во однос на должината на престојот утврдено е дека најголем број од корисниците се со должина на престој од 7-12 месеци, 1 дете е со престој од 25-30 месеци, а останатите се со дожина на престој до 6 месеци, односно 13-18 месеци, односно 31-36 месеци.

***Табела 5. Должина на престој на корисниците во установата***

| Реден број | Должина на престој | Вкупно |
|---|---|---|
| **1.** | престој од 0 - 6 месеци | 2 |
| **2.** | престој од 7 - 12 месеци | 4 |
| **3.** | престој од 13 - 18 месеци | 2 |
| **4.** | престој од 19 - 24 месеци | / |
| **5.** | престој од 25 - 30 месеци | 1 |
| **6.** | престој од 31 - 36 месеци | 2 |
| | **ВКУПНО:** | 11 |

## 3. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

### 3.1. Објект

Зградата (објектот) во која се сместени децата корисници се наоѓа на исто дворно место со друг објект наменет за сместување на бездомни лица. Има простории за корисници од машки пол и за женски пол, како и службени простории за вработените. Исто така, има просторија која се користи како училница, како и наставничка канцеларија, соба за дневен престој, простории за санитарен јазол (бања и тоалет), како и посебна просторија во која се приготвува и служи храната кои се во друг, одделен објект.

***Просториите за сместување на децата и генерално другите простории кои ги користат се во многу лоша состојба. Особено е незадоволително нивото на хигиена во просториите.*** Зградата е стара, руинирана, има видливо присуство на влага и непријатен мирис, а дворното место е неуредно, така што целиот објект изгледа празно и запуштено.

### 3.2. Спални соби

***Спалните соби на децата-корисници, и за машките и женските деца се наоѓаат во еден ист оддел, и ги дели само ходник. Притоа, вратите на ниту една од собите не се затвораат, поради што најчесто столчето е замена за клуч. Во вакви услови, децата немаат обезбедено приватност ниту сугурност***. Имено, Собите се со капацитет не повеќе од 5 легла и истите располагаат со многу оскуден и застарен, едвај употреблив инвентар, кој се состои од кревет, гардеробер без врати за затворање и стол. Во овој објект корисниците го поминуваат целото време. Нема опремена заедничка просторија за дневен престој во која би го поминувале своето слободно време, во релаксирачки активности, односно немаат на располагање ТВ, компјутер, ниту пак телефон. Од остварениот разговор со стручната служба, како и со дел од корисниците, произлезе дека корисниците воопшто немаат организирани активности со кои би било исполнето слободното време, недостасуваат рекреативно-креативни активности, работна окупација и ангажман, согласно индивидуалните потреби, можности и способности, што е голема негативност.



*Слика 1- Машка соба*



*Слика 2- Женска соба*

### 3.3. Санитарни простории

Загрижува состојбата со просториите кои се користат за капење и одржување на хигиената на децата. Овие простории се заеднички и за корисниците од машки и женски пол. ***Поголем дел од тоалетите и тушевите се нефункционални, а хигиената е на многу ниско ниво. При посетата на овие простории се чувствува тежок и непријатен мирис на влага и непроветреност, а вратите се нефункционални, односно не можат да се затворат***. Облеката се пере во заедничка перална, а во разговор со корисниците добивме сознанија дека секој од нив самостојно се грижи за одржување на хигиената на своите лични работи.



Слика 3- Бања



Слика 4- Тоалет

### 3.4. Исхрана

Храната се приготвува во кујна и оброците се делат во трпезарија. Овие простории се наоѓаат во одделен објект во склоп на установата. Во овој дел, хигиената е на задоволително ниво, а во разговорот со корисниците и со дел од персоналот, произлегува дека исхраната е разновидна, секојдневно има зеленчук и овошје, согласно пропишаните стандарди. ***Забелешка е дека корисниците во установата, воопшто не се вклучени при изготвување на неделното мени за храна, и во разговор со децата истите изразија незадоволство од видот на храната што им се дава.*** Се внимава на верската припадност на корисниците при подготвување на оброците, односно се почитуваат нивните верски обичаи.



Слика 5- Трпезарија

## 4. КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ ОД УВИД ВО ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ШТИТЕНИЦИ/КОРИСНИЦИ

При посетата, беше извршен увид во комплетната документација за секој од сместените корисници-досиеја. Се констатира дека, секое досие е уредно водено, содржи комплетна и навремена документација, односно за секој корисник навремено се доставувани известувања и извештаи до надлежните институции, а во досиејата

има комплетна документација од здравствен и образовен аспект за секој од корисниците. ***Меѓутоа, и покрај впечатокот за водење на целосна документација за корисниците, од увид во истата неспорна е констатацијата дека истата се води формално***. Заклучок кој произлегува од увидот е дека за поголем дел од корисниците во досието е наведено дека се уживатели на дрога и психотропни супстанции, меѓутоа во ниту еден случај нема подетални податоци за видот на дрога или психотропна супстанција која се злоупотребува ниту пак, податоци за мерки и терапии кои се или треба да се преземат, со цел да му се помогне на корисникот при одвикнување од истата, и да се поддржи во процесот на ресоцијализација.

При разгледување на индивидуалните планови и програми за работа произлегува дека истите не се доволно прецизни и индивидуализирани, односно овие планови и програми се скоро исти за сите корисници. Во тој контекст ***недостигаат конкретизирани активности, диференцирани цели, операционализирани задачи, време на реализација, односно динамика за реализација, како и кои стручни лица се одговорни за реализација на индивидуалните планови и програми.*** Сето ова води кон негативен ефект и непостигнување на целта од сместувањето на корисниците, односно нивна ресоцијализација. ***Со оглед дека, наведените планови и програми не соодветствуваат со плановите и програмите на месно надлежните центри за социјална работа, констатација е дека отсуствува целосна и ефикасна координација помеѓу институциите.***

Реевалуацијата на индивидуалните планови и програми, која е спроведувана редовно, на секои 6-шест месеци, е, исто така само формална, без конкретно дадени критериуми, во кој обем е остварено планираното и кон што треба да се цели во следниот период. Не се јасно нотирани, кои биле отежнителните околности поради кои не се оствариле целите во предвидените планови и програми.

## 5. РАЗГОВОР СО КОРИСНИЦИТЕ

При посетата, извршен е разговор со дел од корисниците кои беа присутни и изразија желба за разговор, при што истите се пожалија на материјалните услови во Установата, како и за неефикасното организирање и исполнување на слободното време. Имено, во однос на условите незадоволството на корисниците е поради оскудно опремените соби, за стариот и неупотреблив инвентар, така што нема каде да ги чуваат личните работи, бидејќи плакарите кои ги користат се без врати и се заеднички за неколку корисници.

Поплаката на децата е и во однос на немањето приватност при користење на тоалетите и бањите. Имено, од расположиви 3 тоалети, 2 не се во функција. Притоа, ниту една од вратите во бањата и тоалетите нема функционална брава, така што користат столче со кое ја потпираат вратата од внатрешната страна за да не се отвори.

Во врска со санитарниот јазол, односно (не) функционалноста и условите во установата, се пожали и единствената корисничка од женски пол, која нагласи дека го употребува истиот санитарен јазол со корисниците од машки пол, бидејќи само тој е на располагање, како и дека нејзината соба е на ист оддел со собите што ги користат машките деца, при што и е нарушена приватноста и безбедноста.

Во однос на начинот на организирање на слободното време, забелешка на корисниците е дека немаат организирани активности ниту пак, услови за каква било спортска или друга активност, па слободното време, кое во летниот период го имаат преку целиот ден, го користат исклучиво за седење во дворното место, кое е неуредено и без содржини за спротско-рекреативни активности. Иако корисниците повеќе пати барале да им се обезбеди некој вид на спортски реквизити, се уште ништо не добиле.

Во однос на личните односи и контакти со членови на семејството и блиските роднини добиени се информации дека поголем дел многу ретко одржуваат комуникација со нив, а некои и воопшто не комуницираат со своите блиски, ниту пак практикуваат посети и заминување на викенд. Една од причините е немањето телефон во институцијата, а дел од штитениците наведоа дека немаат желба за комуникација.

Во однос на храната, потврдија дека истата е разновидна,содржи зеленчук и овошје, меѓутоа се пожалија дека воопшто не учествуваат ниту пак се прашуваат за содржината на неделното мени. Исто така, наведоа дека добиваат неделен надоместок, односно џепарлак во износ од 200,00 денари, кој, износ, според нив е многу мал, особено имајќи предвид дека се пушачи и тие пари не им се доволни за една седмица.

На прашање на претставниците на Народниот правобранител, сите деца со кои се водеше разговор, кажаа дека воопшто не се информирани за престојната деинституционализација, односно не знаат кога и каде ќе бидат преселени, ниту пак дека имаат некаква подготовка за истото.

## КОНСТАТАЦИИ

1. Крајно лоши и деградирачки услови, под секаков стандард за сместување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение, кои несомнено ја доведуваат во прашање ефикасноста на мерката сместување во установа, и следствено очекувањето за подобрено однесување (ресоцијализација) на овие деца. Недоволна информираност на корисниците за процесот на деинституционализација, како и отсуство на сеопфатни подготовки за полесна транзиција од институционална во вон-институционална форма на згрижување.
2. Корисниците од машки и женски пол се сместени во ист оддел, користат исти санитарни простории, при што ниту спалните соби, ниту бањите и тоалетите немаат функционални брави за затворање на вратите.

3. Во отсуство на какви било организирани слободни активности за децата и други содржини за креативно користење на слободното време, секојдневниот контакт со бездомни лица кои се сместени во истиот двор претставува потенцијален ризик за успешна ресоцијализација на корисниците.
4. Корисниците воопшто не се консултирани ниту учествуваат во изготвување на менито за исхрана.
5. Документацијата која се води за корисниците е повеќе формална отколку суштинска и не се доволно прецизни и индивидуализирани плановите и програмите за корисниците, кои се скоро исти за сите.
6. Отсуствува мултидисциплинарен пристап во третманот на корисниците, а особено кај оние кои имаат потреба од континуиран психо-социјален, психо-терапевтски и дополнителен психијатриски третман. Не се води континуирана и детална евиденција за реализираните третмани од страна на психологот.
7. Нема целосна и ефикасна координација меѓу институциите, што се потврдува и со фактот дека индивидуалните планови и програми за работа со децата-корисници не соодветствуваат со плановите и програмите на месно надлежните центри за социјална работа.
8. Иако голем дел од корисниците потекнуваат од депривирани семејства, со низок социо-економски и едукативно-културен статус, месно надлежните центри за социјална работа не практикуваат работа со овие семејства, дури и во случаи кога имаат сознание дека односите на релација корисник-семејство се целосно прекинати.
9. Бегства од Установата се честа појава, но и покрај тоа не се преземени мерки за превенција од оваа појава, туку единствено се практикува пријавување до надлежен полициски орган.

**Народниот правобранител препорачува:**

1. Министерството за труд и социјална политика, без одлагање да преземе мерки за изнаоѓање на соодветни вонинституционални форми за сместување на корисниците од ЈУ во мали групни домови, согласно Националната стратегија за деинституционализација (2018-2027). Во тој контекст:
   - задолжително да се преземат мерки за реализирање на неопходните подготовки за преселување, како на децата така и на кадарот,
   - да се креираат Индивидуални планови за преселба, во кои ќе бидат вклучени и самите деца, при што ќе се почитува нивното мислење,
   - да се креираат групи на корисници според соодветни критериуми (пол, возраст, сторено дело, роднински релации, добри меѓусебни односи и др.), и интензивно да се работи на постигнување на добра кохезија на групата и нејзина подготовка за заедничко живеење во малиот групен дом,

- да се преземат активности за подготовка и обука на персоналот кој ќе дава поддршка во организираното живеење на овие корисници во малите групни домови (почетна и континуирана обука на персоналот),
- создавање на мешовити тимови на персонал (ново вработени и постоечкиот персонал),
- задолжително да се информира заедницата (потесната и пошироката околина) во која ќе бидат преселени корисниците за карактеристиките на овие деца и младинци, со цел обезбедување на средина која ќе ги поддржува и во која ќе бидат добро прифатени.

2. Веднаш да се преземат мерки за подобрување на материјалните услови во Јавната установа со цел сместување на корисниците во простории во кои се обезбедени услови кои ќе ја гарантираат нивната безбедност, приватност и сигурност, мерки за одвојување на штитениците од машки пол од штитениците од женски пол, како и мерки за подобрување на хигиената во просториите и објектот генерално.
3. Установата да организира социјални, културни, рекреативни, спортски и креативни активности, во зависност од потребите и афинитетите на корисниците, за квалитетно користење на слободното време. Покрај наведеното, да се преземат мерки за воведување на активности за работна окупација и ангажирање согласно можностите на корисниците, со цел квалитетно исполнување на слободното време и рехабилитација преку работа.
4. Задолжително да се вклучат корисниците со свое мислење во однос на видот на исхраната, при изборот на менито за исхрана, имајќи ја притоа предвид нивната верска припадност.
5. Да се преземат мерки за детално и индивидуализирано водење на документацијата во индивидуалните досијеа. Да се реализираат засебни програми за одвикнување од зависности во соработка со стручни лица од соодветни установи и организации.
6. Да се практикува холистички пристап во третманот кај сите корисници, преку вклучување на мултидисциплинарен тим кој во континуитет ќе работи со корисниците, врз основ на индивудуални програми за работа, при што редовно да се следи и да се води детална евиденција за ефектите од третманите. Дополнително, согласно потребите на корисниците, да се разгледа можноста од вклучување на други стручни лица како психолог-психотерапевт или психијатар, со цел обезбедување на психо-социјален, психо-терапевтски и психијатриски третмани.
7. Да се подобри координацијата меѓу Центрите за социјална работа и Основните судови со Установата, заеднички да се дефинираат целите во индивидуалните планови и програми за работа, и преку взаемно координирано дејствување да се подобри процесот на ресоцијализација.
8. Центрите за социјална работа да преземат мерки за постојана помош и поддршка на семејствата чии деца се упатени во Јавна установа, да се работи на подобрување на условите во семејството и зајакнување на капацитетите за

одговорно родителство, со што ќе се минимизираат ризиците од нарушено поведение на децата и судир со законот.

9. Да се преземат мерки за работа со децата заради превенирање на бегства, како и мерки за засилен надзор над корисниците и нивна контрола на излез од установата.